Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-7049/5
03.09.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 15-09-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност: |
| 09 | 3056/2 | | |

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24, 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 септември 2026 година, дава

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма „Клиничка медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма „Клиничка медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-297/4 од 28.4.2026 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Медицински факултетот, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр. 09-3056/1 од 8.5.2026 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 10-801/1 од 8.5.2026 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма „Клиничка медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-801/2 од 18.5.2026 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.6.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-801/3 од 20.7.2026 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма „Клиничка медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* „Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.


| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 02.09.2026 12:14 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=08ea734e-86f4-4102-a742-5925fe52196f&materialId=e441fe89-8dd3-4286-ba90-d46a53bfcf7a |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.09.03 14:11:01 +02:00

Подготвил: Тања Поповска, 01.09.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 01.09.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.09.03 14:03:03 +02:00

| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 02.09.2026 12:14 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=08ea734e-86f4-4102-a742-5925fe52196f&materialId=e441fe89-8dd3-4286-ba90-d46a53bfcf7a |